

Симеон Сиин (12. V 1863 – 20. II 1929) е македонски револуционер, деец на Македонската револуционерна организација.

Се занимава со трговија и влегува во Македонската револуционерна организација во 1895 година. За време на Илинденското востание е началник на Мокренскиот центар и учествува во заземањето на Невеска и Клисура. Познат под псевдонимот Крумски, во Кавала создава комитет на организацијата и покрстува над 150 Македонци од градот и околните села. Одржува врски со раководителот на Серскиот револуционерен округ Јане Сандански.

Симеон Костов Крстев Сиин е роден на 12 мај 1863 година во костурското село Мокрени, Егејскиот дел на Македонија. Брат е на Никола Сиин, македонски револуционер, член на Македонската револуционерна организација.

Симеон  учи до IV одделение во родното село на грчки јазик. Како дете заминува со својот татко Коста за Варна, Бугарија, каде што се занимаваат со трговија со овошје и зеленчук. По три години татко му Коста се враќа во Мокрени и бизнисот го превзема Симеон.

По пет години Симеон Сиин ја напушта Варна, се враќа во Мокрени, каде се жени. Година дена потоа повторно заминува за Варна, каде со партнерот развил бизнис со лозја и дуќани.  Меѓутоа, Сиин бил повикан  да служи војска во Осмиот пешадиски приморски полк. Не сакајќи да служи во бугарската армија, по два месеци тој бега од војската со брод за Цариград, каде што се населува и почнал да работи. Во меѓувреме, имотите партнерот ги продава.

Во 1888 - 1889 година во Цариград влегува во револуционерен комитет. Потоа заминува за Солун, каде држи мала продавница во дворот на турска касарна. Турските власти го апсат под сомневање за револуционерна дејност. Набрзо е ослободен, но му било забрането да ја држи продавницата и тој заминал за Мокрени.

По две години, Сиин заминал за Кавала, каде со партнерот се занимавал со млекарство и гостилничарство и заработил многу пари. Нив ги вложува во кушување куќи во центарот на градот и за изградба на нови. Се стекнува со добро име пред властите, што го користи за да ги брани пред нив сиромашните Македонци од градот кои имале потреба од помош.

Во 1895 година, Сиин влегува во Македонската револуционерна организација и во Кавала создава комитет на организацијата. Тој покрстува над 150 Македонци од градот и околните села, главно градинари, тутунски работници и ѕидари од Костурско и особено од Нестрам. Одржува врски со раководителот на Серскиот револуционерен округ Јане Сандански.

За време на Илинденското востание, Сиин е началник на Мокренскиот центар и учествува во заземањето на Невеска и Клисура. По поразот на востанието обиколува низ планините со луѓе од Мокренската чита и во доцна есен ја поминува границата со Грција.

Сиин потоа од Атина со пароброд пристигнува во Варна, каде работи една-две години. За тоа време тој успева да отвори мала гостилничка. Тој се залага за автономна Македонија, но, во 1909 година добива парализа.

Симеон Сиин умира на 20 февруари 1929 година во Варна.